ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА

## ШТИП

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА ШТИП

# 6

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

## 1. Демократизација на локалната самоуправа

- Заложба општината да се вложи во иницирање јавна дебата за законски измени со кои: (а) бројот на мандати на градоначалниците ќе се ограничи на максимум два; (б) ќе се ослободат инструментите на непосредната демократија во локалната самоуправа и ќе се намалат цензусите за свикување референдуми, народни иницијативи, собири на граѓани.
- Пчесто организирање локални референдуми, иницијативи и граѓански собири, како алатка за планирање на развојот на општината
- Функционална мрежа на урбани заедници, како систем за граѓанска партиципација и враќање на месните заедници, како облик на непосредно територијално самоорганизирање и актуелизирање на проблеми од соседството.

## 2. Инклузивност на граѓаните во процесот на креирање политики

- Граѓанска партиципативност и вклучување на локалните маалски жители во процесот на креирање децентрализирани јавни политики.
- Отворен ден за граѓански идеи.
- Отворени денови на градоначалникот и советниците.

## 3. Транспарентност во работата на општината

- Двосменско работење на шалтерите со цел поголема достапност на граѓаните.
- Одржување на седниците на советот вон работно време со цел што поголемо присуство на граѓани.
- Креирање на YouTube канал на Општина Штип и пренос во живо на седниците на советот на општината со квалитетна аудио и видео опрема.
- Јавно достапни материјали за работа на седниците (веб страна, ФБ профил), вклучително предлог програмите, записниците и предлог буџетите.
- Воведување на проектот „Е-општина", без непотребни чекања на шалтер.

## 4. Локална власт во заштита на работничките права

- Департизација на работните места во општинската администрација и враќање на критериумите на стручност, компетентност и професионални квалификации
- Бирање на најквалитетните пријавени кандидати на конкурсите за вработување.
- Елиминација на непотизмот и партиските вработувања.
- Почитување на работничките права на вработените во институциите под надлежност на локалната самоуправа.
- Непречено и слободно синдикално организирање во јавната администрација на локално ниво.

## 5. Намалени хонорари на локалните функционери

- Намалување на паушалите на членовите на управните и надзорните одбори во јавните комунални претпријатија.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

## 1. Плански проактивни општини

- Забрана за издавање под концесии на јавни објекти изградени по пат на самопридонес или со средства од јавните фондови.
- Максимално искористување на ресурсите на општински јавни претпријатија за извршување градежни работи како замена на тендер-системот.
- Таргетирана и стратешка изградба на јавни згради со средства на општината (социјални станови, старски домови).

## 2. Формирање на Општинско јавно претпријатие за енергетика

- Основање јавно претпријатие за поставување и одржување на соларни панели на општинските јавни објекти (училишта, болници, градинки) со цел намалување на трошоците за струја и создавање на нови, зелени работни места. Вработување и обука на локални енергетичари, инсталатери и инженери.

## 3. Квартален отчет за приходите и расходите на општинскиот буџет

- Подобрување на транспарентноста и овозможување јавен увид во трошењето на избраните и именувани лица.
- Редовно сервисирање и намалување на долговите на општината како правно лице.

## 4. Зголемување на општествената одговорност на Штипските компании

- Стимулирање на стипендирања од страна на приватните фирми на ученици и студенти.

## 5. Поддршка на развојот на занаетчиите и малите семејни бизниси

- Планирање буџетски средства за поддршка на микро и мали претпријатија.
- Креирање стратешки развојни документи за ЛЕР (Локален економски развој) и ЛЕАП (Локален економски акционен план) со уважување на компаративните предности на Штип како некогашен индустриски град.

## 6. Помош на локалното земјоделство и сточарство

- Планско овозможување бесплатни консултации на земјоделците со со агрономи, ветеринари и други стручни лица.

## 7. Обезбедување на потребната логистика во индустриските зони

- Воведување на концептот на Е-локална самоуправа и транспарентен систем на жалби од начинот на пружање на комуналните услуги.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

## 8. Комунални проекти и решенија

- Гасификација на индустријата и домаќинствата (изградба на градска гасоводна мрежа).
- Когенеративна централа за топлинско снабдување на сите јавни институции во Општината.
- Замена на старата водоводна и одводна мрежа.
- Ревизија на концесиите на термалните води и национализација на постоечките концесии.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 1. Системска борба против градежната мафија

- Застанување на патот на локалните моќници во манипулациите со градежното неизградено земјиште.
- Ревизија на сите спорни ДУП-ови и ГУП-ови од последните 20 години.
- Забрана за продажба на државно/општинско земјиште.
- Експропријација на објектите во заштитените области и објекти кои се од општествено значење.
- Планирање и хуманизација на просторот.

## 2. Граѓански совет за развој и урбанизам

- Формирање на постојано тело составено од претставници на месните заедници, урбанисти, архитекти, граѓански активисти и еколошки организации. Сите големи проекти (урбанистички планови, нови згради, инфраструктурни зафати) да бидат задолжително разгледани на јавни седници со можност за коментари и предлози од граѓаните.

## 3. Општински кол-центар

- Воведување кол-центар достапен со постојано отворена линија за пријавување на проблеми.

## 4. Планско градење

- Рамономерен инфраструктурен развој со цел да нема избегнување на инвестиции во помалку развиените средини од општината.
- Стимулирање на изградба на модерни и еколошки одржливи станбени комплекси.
- Задолжително зазеленување на просторот околу зградите со зелена површина и садници од страна на инвеститорот (минимум 400 метри квадрати за секој влез).
- Презентации и јавни расправи за деталните и генералниот урбанистички план да се одржуваат надвор од работното време.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 5. Пешачки зони и урбан велосипедизам

- Продолжување на пешачката и велосипедска патека покрај р. Брегалница од населба Балканска до Стар Караорман.
- Нова пешачка и велосипедска патека од нас. Пребег до нас. Три Чешми.
- Нивелирање на сите тротоарски премини за непречено качување и симнување на пешаците.
- Инсталирање на јавни електрични полначи за електрични автомобили, тротинети и велосипеди на повеќе локации низ градот.
- Поттикнување на велосипедскиот сообраќај на општинско ниво - „рент- а- бајк“ систем на попатни станици за изнајмување исправни велосипеди, поставување сервисни пунктови, субвенции за набавка на нови електрични скутери.
- Успорување на моторизираниот сообраќај во населените места преку инфраструктурни решенија („легнати полицајци“, ограничување на брзината и креирање на „зони 30 километри на час“).
- Поставување на камери на сите пешачки премини со мерење на брзината на движење на возилата.
- Поставување на бетонски лежечки полицајци и успорувачки ленти во градски и приградски населби.

## 6. Улици и патишта

- Асфалтирани и добри патишта до секое село, населба и маало во општина Штип, со предходна целосна реконструкција на водоводна и канализациона мрежа.
- Инклузивен и безбеден сообраќај за подобро поврзување на секој дел од општината.
- Преадаптација на крстосницата помеѓу улиците „Борис Крајгер“ и „Сремски Фронт“ во населба Сењак и изградба на функционален кружен тек за подобра регулација на сообраќајот.
- Изградба на модерен кружен тек помеѓу населбите Македонка и Чардаклија
- Редовно поправање на коловозите
- Систематско одржување на хоризонталната и вертикалната сообраќајната сигнализација (поставување на трајни пешачки премини по системот на Европските центри).
- Редовно сервисирање на дефектите на јавното осветлување, проширување на мрежата на јавно осветлување и поставување на штедливи сијалици за енергетска ефикасност.
- Изградба на потпорни ѕидови на улиците, онаму каде што тоа е неопходно согласно конфигурацијата на теренот.
- Поставување на ракофати и огради на улиците во високите делови на градот.
- Нивелирање на сите тротоарски премини со цел непречено движење сите граѓани на општина Штип, вклучувајќи ги и лицата со попреченост.

## 7. Јавен превоз

- Утврдување на состојбата на патиштата и покриеноста со јавен превоз во селските средини и автобуско поврзување на руралните населени места.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

- Зголемување на фрекфенцијата на автобуските линии и усогласување на возниот ред со динамиката и потребите на локалното население.
- Редовни јавни транспортни линии во и вон градот.
- Субвенционирани билети за јавен превоз за различни категории граѓани кои живеат во социјален ризик.
- Поставување на модерни автобуски постојки во и вон градската средина
- Поставување на информативни табли со локалните знаменитости.

## 8. Градски паркинг

- Изградба на современи паркинг плацеви со заштитни тенди за паркираните автомобили.
- Изградба на наменски паркинг простор во близина на градинките, пазарите и угостителските објекти, со цел да се избегне блокирањето на улиците од запрени и паркирани автомобили.
- Монтажни паркинзи со челични конструкции, на две нивоа, поставени во околината на најфрекфентните места во градот.
- Редовно отстранување на хаварисани возила од паркинзите и улиците.
- Изградба на електрични катни гаражи.
- Поставување на паркинг сензори за слободни паркинг места.
- Паралелно паркирање на возилата на главните сообраќајници „Генерал Михајло Апостолски" и „Кеј Маршал Тито".

# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

## 1. Водовод

- Чиста вода за пиење во секое село и секоја населба (помош во изградбата на водостопански објекти, прочистителни и препумпни станици во секое населено место, со можност за приклучок кон градскиот водовод).
- Постојано одржување на водоснабдителните мрежи наменети за земјоделско полевање
- Промена на сите азбестни цевки од градскиот водовод и нивна замена со пластични.
- Заштита на старите бунари (подрачје на заштитени води) и нивно редовно одржување.

## 2. Канализација

- Надзор над прочистувањето на отпадните води кои се влеваат во потоците и реките.
- Редовно одржување и сервисирање на колекторските системи.
- Редовно чистење на каналите и речните корита.
- Изградба на атмосферска канализација.

## 3. Погребални услуги

- Воведување на 24 часовна стражарска служба на јавните градски гробишта.
- Редовно одржување на пристапните патеки до гробните места.

# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

## 4. Јавна чистота

- Изградба, поставување и тековно одржување современи јавни тоалети на повеќе локации во градот и приградските населби.
- Хортикултурно уредување на секоја зелена јавна површина во градското подрачје.
- Рециклирање и транспортирање на комуналниот отпад во соодветни возила.
- Одржување на јавна хигиена преку секојдневно чистење и миење на улиците.
- Изградба на смарт подземни контејнери за одложување и селекција на отпад во сите населени места.
- Воведување на општинска комунална полиција.

# V. ЕКОЛОГИЈА И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## 1. Стоп на загадувањето на природата

- Изработка на план за управување со отпад на територија на Општина Штип за период 2025 - 2030 година
- Развивање на бесплатна апликација каде граѓаните ќе можат лесно да пријавуваат диви депонии, загадување, оштетување на зеленило или други еколошки проблеми, со брз одговор од општинските служби.
- Воведување на систем за селекција, компостирање и рециклирање во сите јавни институции, со едукативни програми за ученици и вработени.
- Спроведување конкретни проекти што ќе го намалат и/или елиминираат загадувањето на животната средина (еколошки кампањи за подигање јавната свест, општински програми за компостирање и рециклирање, погони за селекција и рециклирање на отпад, примена на „зелени технологии“ итн.).
- Детектирање на фармите и останатите индустриски капацитети кои се најголеми загадувачи на реката Брегалница во течението кое припаѓа во регионот на општините Карбинци и Штип.
- Иницирање проекти за намалување на негативните последици од климатските промени (зелено производство на електрична енергија – соларна, геотермална, ветерници и сл., урбани градини, субвенционирање јавен превоз, субвенционирање енергетски ефикасни градби итн.).
- Бесплатни корпи за селекција и рециклирање на цврст отпад во секое домаќинство.
- Регионална фабрика за преработка на отпад по најсовремени светски стандарди.

## 2. Еко-активизам

- Акции за чистење на излетничките места.
- Чистење на дивите депонии.

# V. ЕКОЛОГИЈА И ЖИВОТНА СРЕДИНА

- Планско пошумување на штипските околни ридови.
- Поддршка за младинските здруженија и организации кои промовираат Еко - активизам, извиднички одреди и сл.

## 3. Паркови и зеленило

- Рамномерно оплеменување на запуштените јавни зелени површини во секој дел на градот.
- Редовно наводнување на урбаното зеленило.
- Партерно и хортикултурно уредување на запуштените дворови на колективните станбени згради.

## 4. Зелени политики на локално ниво

- Изработка на експертска студија за главните причинители на загадувањето на водите, почвата и воздухот и стратегија за нивно менаџирање.
- Изработка на катастер на зеленило со цел мапирање на сите зелени објекти и површини во Општина Штип.

## 5. Енергетска ефикасност

- Термоизолациони фасади и ПВЦ прозорци на сите јавни објекти.
- Инсталација на соларни панели на сите јавни објекти во сопственост на Општина Штип.

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

## 1. Образование

- Изградба на нови и реновирање на дотраените училишта во Штип и околните села (кровови, училници, ходници, врати, прозори, санитарни јазли во училишните згради).
- Бесплатен оброк за сите ученици во основните и средните училишта.
- Забрана за приватно обезбедување и чување на јавните објекти.
- Финансиска помош од општинскиот буџет во делот на исполнување на училишните програми.
- Стопирање на сите сомнителни проекти за работа со деца, изведувани од страна на здруженија на граѓани.
- Стипендирање на најдобрите ученици и студенти во областите каде што има кадровски дефицит.
- Парични награди за наставниците-ментори на ученици што имаат освоено награди на државни и меѓународни натпревари.
- Решавање на проблемите со санитарните јазли/тоалетите во сите средни и основни училишта.

## 2. Култура

- Поддршка за градските оркестри, хорови и други културни асоцијации

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

и нивно активирање во рамките на културните установи кои се под ингеренции на општината (ОМЦ „Киро Глигоров", Дом на млади).

- Активирање и рационално искористување на ОМЦ „Киро Глигоров" за потребите на сите културни и младински едукативни активности.
- отворање на АКСЦ – Автономни културно - социјални центри преку пренамена на напуштените објекти во општинска сопственост, со можност за конференциски простор, кафе• книжарници, сувенирници.
- Негување на фолклорот и старите занаети.
- Поддршка на традиционалните културни манифестации.
- Пракса за покана на уметници од други земји да престојуваат и создаваат во Штип со цел промоција и интеркултурна соработка.

## 3. Туризам

- Интензивен развој и субвенционирање на алтернативниот туризам (планински, манастирски, рурален/селски).
- Развој на услови за кампинг и клајмбинг туризам во месноста Плачковица.
- Отворање на Туристичко биро задолжено за стратешко планирање на развојни политики.
- Инсталирање јавен бесплатен Wi• Fi на повеќе локации во градот.
- Развивање на туристички патеки кои ги вклучуваат културните и историските знаменитости на градот.
- Промоција на локалната кујна и традиции преку гастрономски тури
- Изработка на мобилна апликација за туристички водич низ Штип со мапи настани и препораки.
- Стимулирање изградба на нови бањски капацитети во кругот на Бања Кежовица.

## 4. Спорт и рекреација

- Поддршка на локалниот спорт, спортските сојузи и клубови во различни форми преку изградба и одржување на постоечката спортска инфраструктура.
- Организирање маалски лиги во разни спортови, со наградни фондови поддржани од општинскиот буџет.
- Нови спортски реквизити во сите основни и средни училишта.
- Субвенционирање на спортската членарина за децата од семејства во социјален ризик.
- Бесплатни летни кампови за деца со попреченост.
- Изградба на градски базен.

## 5. Детски игралишта

- Изградба на повеќе детски игралишта со повеќе различни елементи за забава за најмладите.



# VII. МЕЃУГЕНЕРАЦИСКА СОЛИДАРНОСТ

## 1. Детска заштита

- Згрижување на „деца од улица“ (решавање на проблемот со просење и питачење, како облик на злоупотреба на децата).
- Уредување на инфраструктурата и инвентарот во детските градинки.
- Социјална грижа за децата без родители, децата без родителска грижа, децата од дисфункционални семејства, децата со воспитно• социјални проблеми.
- Отворање нови градинки и зголемување на капацитетот на постојните.
- Вработување на поголем број високообразовен стручен кадар во градинките (дефектолози, психолози) и спроведување на Колективниот договор за вработување во детските градинки.
- Бесплатен престој во градинка за децата од социјално загрозени семејства.

## 2. Младински политики

- Воспоставување локална мрежа со младинските организации.
- Поддршка на проекти од неформални младински иницијативи за урбано културно живеење.
- Бесплатни курсеви за странски јазици и компјутери за децата од социјално загрозени семејства.

## 3. Заштита на стари и изнемоштени лица

- Иницирање изградба и завршување на домот за стари лица.
- Финансиска помош на пензионерските клубови.
- Нега во домашни услови за старите и изнемоштени лица со волонтерски акции од Црвениот крст и други хуманитарни организации.



# VIII. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

## 1. Помош за социјално ранливите категории граѓани

- Воведување програма за субвенционирање на долговите за вода и комуналии на сиромашните семејства.
- Поддршка за народни кујни за сиромашни лица.
- Воведување интервентен Фонд за социјално загрозени семејства.
- Континуирани обуки за преквалификација и докфалификација на невработените лица.
- Поддршка на самохрани родителии и невработени.
- Згрижување и домување на лицата во социјален ризик и на бездомниците.

## 2. Општествена грижа за лицата со попреченост

- Програми за вработување и самовработување на лицата со попреченост.
- Имплементирање во целост на проектот „Личен асистент за лицата со попреченост".
- Целосна пристапност на сите главни улици за луѓе со инвалидски колички (симнување од тротоар на улица, скали, пешачки премини), како и слободен пристап во секоја јавна установа, банки, здраствени домови, училишта, спортски сали, библиотеки, паркови...

## 3. Јавно здравје

- Едукација и превентивни активности за заштита и здравје при работа.
- Дежурна аптека.
- Помош на лица со специјални потреби.

# IX. ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

## 1. Меѓуопштинска соработка и партнерски однос со невладините организации

- Соработка со ЗЕЛС и со соседните општини.
- Соработка со граѓански здруженија и користење на експертска помош од граѓанските здруженија за областа во која тие дејствуваат.

## 2. Преземање сет мерки за заштита и спасување на граѓаните

- Осовременување на возниот парк на територијалната Противпожарна служба.
- Поставување хидранти до капиталните градски објекти со цел нивна ефикасна заштита.

# IX. ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

- Организирање превентивни обуки за заштита и спасување на луѓето и имотот.
- Изведување координирани показни вежби за хипотетички природни непогоди и други несреќи од поголеми размери итн.

## 3. Стоп на нехуманиот третман на бездомните животни

- Воведување општинска Шинтерска служба која би интервенирала на терен
- Воспоставување на можност за субвенционирање на трошоците за стерилизација на домашните миленици со цел намалување на ризикот за неконтролирано размножување.
- Доследно спроведување на програмата „Залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“.
- Изградба на паркови за кучиња опремени со сите потребни реквизити.
- Изградба на стационар за бездомни животни со можност за посвојување на истите од страна на граѓаните.

# X. КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

## 1. Стоп на корупцијата

- Нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при: располагањето со општинските пари, склучувањето на договори за јавни набавки, промената на генералниот и деталните урбанистички планови.

## 2. Персонално екипирање на општинските инспекции

- Комплетно доекипирање на инспекциските служби со цел зголемување на нивната ефикасност.
- Обуки за надоградување на вештините и знаењата на локалните инспектори.
- Санкционирање на инспекторите заради неизвршување на нивните теренски надлежности.

## 3. Спокојно урбано живеење

- Ослободување на узурпираните тротоари и јавни површини од нелегално поставените тенди, маси и столчиња на околните кафулиња.
- Заштита од ноќна бучава и нарушување на спокојот на соседството од гласна музика од локалите, кафулињата и рестораните.
- Заштита на граѓаните од гласни машини, мотори, автомобили во доцните вечерни часови со поголема сообраќајна контрола.

# ЛЕВИЦА

## ЗА ШТИП

# 6

# ЛЕВИЦА

## ЗА ШТИП

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija